ЈПКР УСЛУГА - Берово
ул. "Маршал Тито" бб П.Ф. 2330 Берово
https://www.jpkrusluga-berovo.com.mk email: berovo.usluga@gmail.com
Тел: 075-218-251, 075-309-347, 075-472-884

# Програма за работа на ЈПКР Услуга Берово за 2025 година



**Берово, декември 2024**

**С О Д Р Ж И Н А**


1. ВОВЕД............................................................................................................................ 3
2. ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОСТАВЕНОСТ...................................................................................... 4
3. СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ.................................................................................. 4
4. СЕКТОР ЗА СМЕТКОВОДСТВО И ФИНАНСИИ........................................................................ 5
5. ВОДНИ УСЛУГИ.................................................................................................................... 6

5.1. СЕКТОР ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ВОДА....................................................................... 9

5.2. СЕКТОР ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ВОДА И КАНАЛИЗАЦИЈА.................................................... 11

5.2.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ВОДА...................................................................... 11

5.2.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ-КАНАЛИЗАЦИЈА............................ 13

5.3. СЕКТОР ЗА ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ (ПСОВ)...................................... 14

6. СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА И МЕХАНИЗАЦИЈА.............................................................. 17

6.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА................................................................................. 17

6.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА И ВОЗИЛА.......................................................................... 18

7. СЕКТОР ЈАВНА ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛО................................................................................... 19

7.1. ОДДЕЛЕНИЕ ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО........................................................................................ 19

7.2. ОДДЕЛЕЛНИЕ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА............................................................................................ 22

7.3. ОДДЕЛЕНИЕ ГРАДСКИ ГРОБИШТА........................................................................... 24
7.4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПАЗАР........................................................................................... 25
8. ГОДИШЕН БУЏЕТ........................................................................................................ 36

## 1. ВОВЕД

ЈПКР Услуга Берово и наредната година ќе ги сервисира сите комунални услуги на граѓаните на Општина Берово континуирано, со сите расположливи ресурси.

Во текот на 2025 година ќе заврши имплементацијата на проектот Реконструкција на филтер станицата најважен проект за подобрување на квалитетот на живот на граѓаните на Општина Берово. Проектот е во завршна фаза, треба да се доврши автоматизацијата на процесот.

Следува проширување на водните услуги и тоа, а со тоа и нови корисници за наплата на соодветните тарифи. Собирање и одведување на отпадните води во село Мачево и пречистувањето на отпадните води во Општина Пехчево, со што се проширува и сервисната зона на претпријатието на територија на друга Општина. Но тоа е особен предизвик, бидејќи релевантните лица од Општина Пехчево треба да го потпишат договорот за поврзување на ПСОВ и да отпочне наплата на тарифа за услугата прочистување на отпадните води.

ЈПКР Услуга Берово е избрана во 7 комунални претпријатија (вкупно 9) од пријавени 41 да биде дел од проектот за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија, на Швајцарската Влада. Според изготвената студија, имплементацијата на проектот треба да започне во средината на 2025 година.

Согласно програмата на Источно Планскиот Регион за затварање на депонијата во Општина Берово, во текот на 2025 година се предвидува транспортот на сметот и складирањето на отпадот се врши на депонијата во Општина Пехчево.

За наредната година се планира естетско уредување на парковите со изработка на нови елементи кои значително ќе ја подобрат естетикатаа на градот.

ЈПКР Услуга Берово активно учествува во работата на АДКОМ (асоцијација на комунални претпријатија). Истотака, вработените учестуваат на сите работилници, конференции и други настани организирани од страна на асоцијацијата. АДКОМ ги застапува интересите на комуналните претпријатија пред институциите за решавање на најгорливите проблеми. Преку овие активности, се очекува во наредната година да се најдат решенија кои можат да бидат поволни по претпријатието.

ЈПКР Услуга Берово гради соработка со сите институции и партнери кои се поврзани со делокругот на работа, кои можат да помогнат во зголемување на капацитетите и ресурсите од технички и институционален аспект.

## 2. ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОСТАВЕНОСТ

ЈПКР „Услуга“ Берово претставува јавно претпријатие за комунални работи основано со акт од Собранието на Општина Берово со решение бр.4/66 и запишано во судскиот регистар при Апелациониот суд во Штип под реден бр.266 за што е издадено решение бр.10/75.

ЈПКР „Услуга“ Берово согласно Статутот се утврдува како независен правен субјект, управуван од страна на директорот кој го именува градоначалникот на општината. Управувањето го врши Управниот одбор, кој се состои од пет члена делегирани од страна на основачот. За вршење на контролата на материјално финансиско работење на претпријатието се формира надзорен одбор составен од пет членови кои исто така ги именува основачот.

Јавното претпријатие за комунални работи се основа заради вршење на дејност од комуналната област од јавен интерес, а која претставува незаменлив услов за животот и работа на граѓаните на територија на Општина Берово.

Основните дејности кои ги врши ЈПКР „Услуга“ Берово се: Собирање, пречистување и дистрибуција на вода за пиење и прехранбена вода, изнесување, депонирање на отпадоци и одржување на чистотата во градот, изградба на хидро-градежни објекти (изградба, реконструкција и поправка на надворешен водовод, канализација и др.), поставување и поправка на градежни инсталации, внатрешни водоводи, канализации, пречистување и одводнување на отпадни води, уредување на улици и сообраќајници, уредување, одржување на јавни зелени површини (паркови и дрвореди, зелени површини на станбени згради и др.), одржување на јавно осветлување и други комунални дејност (пазарни услуги, одржување на гробишта, оџачарски услуги и сл.).

За поуспешно извршување на својата дејност, како и остварување на резултатите во извршувањето на работните задачи, а во согласност со Статутот на претпријатието, Правилникот за систематизација на работните места, претпријатието е составено од 8 сектори и тоа: Сектор за општи и правни работи, сектор финансии и сметководство, сектор производство на вода, сектор дистрибуција на вода и канализација, сектор пречистување урбани отпадни води, сектор комунална хигиена и механизација, сектор јавна чистота, зеленило, градски гробишта и пазар и сектор катастар предмет и пресметка.

Во продолжение на Програма се проследени сите тековни работи, активности и потреби од финансиски средства за извршување на работите за сите услуги, по сектори, изготвени од соодветните раководители, кои најдобро го познаваат делокругот на работа и проблемите со кои се соочуваат.

## 3. СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Секторот општи и правни работи како и Секторот сметководство и финансии ги вршат работите кои се од заеднички карактер за Претпријатието и останатите работни единици и работите околу правилното и законското функционирање на целокупното работење.

Секторот општи и правни работи се грижи за сите правни и административно - технички работи, нормативно - правни и општи работи ( следење на законските прописи и акти, изготвување акти на претпријатието, давање предлози за измени и дополнување на актите на претпријатието, се грижи за правилна примена на актите, дава совети и мислења на работниците, изготвува материјали за седниците на органите на управување - надзорен и управен одбор и сл.)

Посебен акцент од делокругот на оваа работна единица се става на работите од областа на работните односи односно заштита на правата на работниците и нивно усовршување, информираност на вработените како и работите од доменот на заштита на имотот, побарувањата и правата на Претпријатието.

Во рамки на овој сектор се спроведуваат и јавните набавки односно се изготвува годишниот план за јавни набавки и се спроведува целата постапка за јавната набавка од изготвувањето на одлуката за потреба од јавна набавка, па се до склучувањето на договорот за јавна набавка.

Со цел зголемување на ефикасноста во работењето, правната служба е задолжена за преземање на сите законски мерки за наплата на побарувањата од корисниците од услуги, односно за таа цел ќе бидат поднесени до надлежните органи - нотар, предлози за донесување решенија со кои се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа односно ќе бидат покренати постапки за присилна наплата на долгот од нередовните корисници на услуги.

## 4. СЕКТОР СМЕТКОВОДСТВО И ФИНАНСИИ

Во областа на финансиското работење односно Секторот финансии и сметководство се врши организирање на работата во финансиите и сметководството согласно законската регулатива. Се изготвуваат финансиските планови и обврските, сметководствените извештаи - периодични

и годишни пресметки, прегледи и биланси за состојбата во соодветниот период за работите околу осигурувањето, примање и контрола на сите финансиски документи во работењето, книжење на финансиските документи од платните промети преку касата и жиро сметките, се пресметува и евидентира амортизацијата на отписите на основните средства, точно водење на податоците и вршење на наплата на услугите кои ги дава Претпријатието преку службата на инкасаторите и др.

Во координација со останатите работни единици посебно внимание ќе се посвети на наплата на фактурите од корисниците на услугите односно на зголемување на реализацијата и ефикасноста во работењето како предуслов за квалитетно извршување на услугите.

## 5. ВОДНИ УСЛУГИ

ЈПКР Услуга Берово со водоснабдување ги покрива градот Берово и селските населби Смојмирово, Мачево, Будинарци, Митрашинци, Русиново и Владимирово.

Услугата водоснабдување се проширува во туристичката населба Беровско Езеро, со пуштање во употреба на филтер станицата.

Со канализација и пречистување на отпадните води, ги покрива Берово, Русиново и Смојмирово. Услугата прочистување на отпадните води се проширува со Општина Пехчево, односно Пехчево и село Чифлик, со што се проширува сервисната зона за водните услуги на ЈПКР Услуга Берово и тоа што е специфично на територија на друга општина. Ова во конкретниот случај е отежнувачка околност, затоа што Општина Пехчево се уште не го има потпишано Договорот за поврзување на Пехчево на ПСОВ, со што не може да отпочне наплатата на тарифа за прочистување на отпадните води, иако релевантните параметри се земени во пресметката на истата.

Во 2024 година, со пуштање во употреба на новоизградената канализациона мрежа во село Мачево, ова услуга се проширува уште во едно населено место.

Во Бизнис планот за 2024-2026 година и во Планот за прилагодување на тарифите и тарифите за наведениот период, е предвидено и проширувањето на водните услуги.

Во однос на водните услуги, дефинирани се мисијата и визијата на претпријатието:

**Мисија**

ЈПКР Услуга Берово врши дејности од јавен интерес за граѓаните на општина Берово преку доставување на безбедена вода за пиење, собирање, одведување и третман на урбани отпадни

води, депонирање и собирање на цврст отпад и одржување на чистотата на јавните површини. Гради и одржува хидроградежни објекти, улици, гробишта, оџаци и пазарни услуги.

**Визија**

ЈПКР Услуга е современ, технички и технолошки опремен и професионален давател на комунални услуги по достапни цени, целосно ориентиран кон квалитетот на животот на корисниците и одржувањето на чиста и здрава животна околина.

Главните стратешките цели, мерки и индикаторите на успешност се прикажани во табелата:

| Стратешки цели | | Мерки | | Индикатори на успешност | |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | Проширена покриеност со услуги | 1.1 | Проширување на покриеноста со услугата за снабдување со вода за пиење (рурални населби) | 1.1.1 | % покриеност – водоснабдување |
| | | 1.2 | Проширување на покриеноста со услугата за собирање и одведување отпадни води | 1.2.1 | % покриеност – собирање и одведување на отпадни води |
| | | 1.3 | Проширување на покриеноста со услугата за третман на отпадни води | 1.3.1 | % покриеност – третман на отпадни води |
| **2** | Подобрен опреативен менаџмент | 2.1 | Подобрување на перформансите на системот за дистрибуција на вода за пиење | 2.1.1 | Постојаност на услугата (часа/дневно) |
| | | | | 2.1.2 | % неприходувана вода |
| | | | | 2.1.3 | # пукање на цевки/km преносна и дистрибутивна мрежа |
| | | | | 2.1.4 | Енергетска ефикасност произведена вода, kWh/m3 |
| | | 2.2 | Подобрување на перформансите на системот за собирање и одведување отпадни води | 2.2.1 | # запушувања на канализацискиот систем/km |
| | | | | 2.2.2 | % одделен систем за атмосферски води |
| | | 2.3 | Подобрување на перформансите на пречистителната станица | 2.3.1 | Квалитет на ефлуент (% од тестовите кои ги задоволуваат стандардите) |
| | | | | 2.3.2 | Енергетска ефикасност третирани отпадни води, kWh/m3 |
| **3** | Подобрено/ Воспоставено управување со средствата | 3.1 | Развој/комплетирање на регистарот на средства заснован врз ГИС | 3.1.1 | % на мапирање на дистрибутивниот систем за вода |
| | | | | 3.1.2 | % на мапирање на канализацискиот систем |
| | | 3.2 | Развој на систем за одржување на средствата | 3.2.1 | Трошоци за одржување за водоснабдување (ден./приклучок) |
| | | | | 3.2.2 | Трошоци за одржување за собирање и одведување отпадни води (ден./приклучок) |
| | | | | 3.2.3 | Трошоци за одржување за пречистителна станица (ден./приклучок) |
| | | 3.3 | Подготовка на програма за капитални инвестиции (реконструкција, обнова) | 3.3.1 | Процент на обнова/реконструкција на средствата за снабдување со вода за пиење |
| | | | | 3.3.2 | Процент на обнова/реконструкција на средствата за отпадни води |
| **4** | Подобрено читање фактурирање и наплата | 4.1 | Подобрување на читањето и фактурирањето | 4.1.1 | % на покриеност со водомери |
| | | | | 4.1.2 | % на ефикасност на фактурирање |
| | | | | 4.1.3 | Потрошувачка на домаќинства л/п/д |
| | | 4.2 | Подобрување на ефикасноста на наплатата | 4.2.1 | % на ефикасност на наплата (сите водни услуги) |
| **5** | Подобрување на Финансиски менаџмент | 5.1 | Утврдување на тарифи за надомест на трошоците за сите водни услуги | 5.1.1 | % на надомест на трошоци за водоснабдување |
| | | | | 5.1.2 | % на надомест на трошоци за собирање и одведување отпадни води |
| | | | | 5.1.3 | % надомест на трошоци за пречистителна станица |
| | | 5.2 | Спроведување на сметководство по трошковни и профитни центри | 5.2.1 | Оперативен модул за работни налози |
| | | | | 5.2.2 | Оперативен сметководствен модул кој поддржува сметководство по трошковни и профитни центри |

| Стратешки цели | | Мерки | | Индикатори на успешност | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 5.3 | Подобрена ликвидност и намалување на степенот на задолженост | 5.3.1 | Однос обврски/средства |
| | | | | 5.3.2 | Моментален однос |
| **6** | Подобрување на Организација менаџмент и човечки ресурси | 6.1 | Поголема ефикасност на персоналот | 6.1.1 | # вработени/1000 приклучоци за водоснабдување |
| | | | | 6.1.2 | # вработени/ 1000 приклучоци на канализацискиот систем |

Врз основа на стратешките цели, развиени се акциони планови, со специфични мерки, активности и таргети. За 2025 година се предвидени следните мерки и активности од Бизнис планот во ревидирана форма на реална основа.

## Акционен план Покриеност на услугите 2025

| **Мерка 1.2: Проширување на покриеноста со услугата за одведување на отпадни води** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 1 | Проширување на канализацискиот систем во сите делови од агломерацијата за отпадни води. Сите проширувања треба да претставуваат одделни системи (види мерка 2.2) | Проширување на услугата во село Мачево и воведување на корисниците во системот на наплата | Човечки ресурси, транспортни трошоци |

| **Мерка 1.3: Проширена покриеност на третман на отпадни води** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 1 | Приклучување на дополнителни населби на пречистителната станица во рамки на агломерацијата за отпадни води | Воведување тарифа за пречистување на отпадните води за корисниците од Пехчево и село Чифлик | Изградба на преливна шахта со вентил на колекторот Пехчево-Берово (1.000.000 ден грат СЕКО, 50%, а 50% сопствено учество) |

## Акционен План Оперативен Менаџмент 2025

| **Мерка 2.1: Подобри перформанси на дистрибутивниот систем за вода за пиење** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 1 | Составување на годишен воден биланс за целокупниот водоснабдителен систем | Утврдување на структурата на неприходувана вода | Методологија и софтвер на Меѓународната асоцијација за вода. Годишна рутинска постапка. |
| 2 | Намалување на загубите на вода во производството на вода на филтер станицата | Отстранување на истеци на вентили и оптимизација на технолошкиот процес во однос на количините на вода за чистење и одржување на системот | Автоматизација на процес , следење на проток и побарувачка на вода и соодветно оптимализирање на количината на вода |
| 6 | Оптимализација на дозирањето на реагенсите | Набавка на дозир пумпи за реагенси.намалување на количината на реагенси во процесот на таложење. | Автоматизација на процес и оптимализација на потрошувачка на резгенси за производство |
| 13 | Подобрување на перформансите на дел од секундарната мрежа | Подобрување на квалитетот на услугата, помал број на дефекти и намалување на загуби на вода | Реконструкција на водоводната мрежа во с. Владимирово во должина |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | од 2603 метри, 2024 и 2025 година, грант обезбеден од Општината, во висина од 2.500.000 денари во 2024 и 2.260.000 денари во 2025 година. |

| **Мерка 2.2: Подобри перформанси на системот за собирање и одведување отпадни води** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 2 | Изградба и приклучување на село Мачево на канализациониот систем | Проширување на канализационата мрежа | |
| 3 | Изградба на краци во село Русиново | Проширување на канализационата мрежа | Проект на Општина Берово, во вредност од 5.801.967 денари |
| 4 | Едуцирање на населението во однос на фрлањето маснотии, пластика и цврст отпад во канализацискиот систем. | Намален број на запушувања | Податоци, персонал, стручност, време |

| **Мерка 2.3: Подобри перформанси на системот за пречистување на отпадни води** | | | |
|---|---|---|---|
| **#** | **Опис на Активноста** | **Резултати** | **Ресурси** |
| 2 | Управување со отпадните води до Општина Пехчево | Изградана на шахта со вентил на колекторот Пехчево-Берово | Вредност од 1.000.000 денари, од кои 500.000 денари се планира да биде швајцарски грант, а 500.000 денари сопствена инвестиција. |

## 5.1. СЕКТОРОТ ПРОИЗВОДСТВО НА ВОДА

Производството на вода за пиење на филтер станицата ги опфаќа следните главни цели:

1. Третман на сурова вода
2. Контрола на процес
3. Контрола на квалитетот на водата
4. Техничко одржување на опремата, објектите и хортикултурно уредување на дворното место
5. Развој на човечките ресурси

### 1. Третман на сурова вода

Под третман на сурова вода спаѓаат следните активности:

- Таложен процес (коагулација, флокулација и седиментација во таложник со хемиски реагенси алуминиум сулфат, хидрантна вар, PAA и PAC. Дозирањето на реагенсите се одредува според протокот и квлитетот на суровата вода)

- Филтрација (филтрирање преку песочни филтри и филтри со активен јаглен)
- Дезинфекција (гасен хлор)

Овие активности се спроведуваат континуирано. За успешен и континуиран процес на преработка на водата, се спроведуваат активности за оддржување на елементите и опремата:

- Перење на таложник (редовно испуштање и неколку пати во текот на годината, целосно испуштање)
- Перење на филтри (песочни и филтри со активен јаглен)
- Оддржување на опремата (тековно оддржување и сервисирање на дефекти)

**2. Контрола на процес**

- Мониторингот на влезните количини на сурова вода, процес на преработка, состојба на резервоар и излез на водата во дистрибутивната мрежа во текот на 2025 год. реализацијата на проектот за реконструкција на филтер станицата ќе биде автоматизиран и ќе биде интегриран нов SCADA систем.
- Оптимализација на количините за потребите во сите фази на  производство и дистрибуција на вода за пиење

**3. Контрола на квалитет на водата**

Квалитетот на водата за пиење е пропишан во Правилникот за безбедност на водата за пиење. За исполнување на пропишаните параметри, контролата на квалитетот на водата за пиење се врши секојдневно во интерната лабораторија на филтер станицата. Лабораторијата е опремена за следење на најважните параметри во производствениот процес. Контролата се одвива по веќе воспоставена програма која опфаќа следење на параметрите на водата следејќи го текот низ процесот. Како мерни места се одредени, влезната вода, таложник, песочни филтри, филтри со јаглен и финална вода од резервоар.

Контрола на квалитетот на водата за пиење вршат и следните државни институции:

- ЈЗУ - Кочани
- Институт за Јавно Здравје - Скопје
- ЈНУ Хидробиолошки институт– Охрид

А редовен инспекциски надзор врз работењето на секторот производство на вода врши Институтот за јавно здравје Скопје и Дирекцијата за храна.

Добрата хигиенска и добрата производствена пракса се спроведуваат во согласност со предусловните програми и HACCP принципите.

**4. Техничко одржување на опремата, објектите и хортикултурно уредување на дворното место**

Со реализација на проектот Реконструкција на филтер станицата, механичката опрема е заменета, инсталирана е мониторинг опрема која е во добра состојба. Во следниот период, потребно е да се одржува.

Хортикултурното уредување како што се естетско оформување на дворните површини, засадување на нови цветни површини, дополнување на парковите со садници од зимзелени и листопадни дрва како и нивно постојано одржување го вршат вработените на филтер станицата.

**4.1 Инвестиции**

- Реализацијата на проектот Реконструкција на филтер станицата е во завршна фаза, останува да се доврши автоматизацијата на процесот на производство.

**5. Филтер станица во туристичка населба Беровско Езеро**

Обезбедедување на тековно редовно водоснабдување на туристичката населба Беровско Езеро, преку набавка на потребните реагенси, редовно одржување и контрола на квалитетот на водата за пиење.

**6. Развој на човечките ресурси**

На филтер станицата има вработено 7 лица и имаме потреба од вработвање на уште едно лице како водоинсталатер. Унапредувањето на човечките ресурси ќе се врши преку посета на семинари и работилници.

## 5.2. СЕКТОР ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ВОДА И КАНАЛИЗАЦИЈА

### 5.2.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДДРЖУВАЊЕ НА ДИСТРИБУТИВНА МРЕЖА

Главна задача на ова одделение е редовно и навремено снабдување со вода на сите корисници кои се приклучени на водоводната мрежа. Во оваа работна единица се вработени 4 водоинсталатери, меѓутоа во одреден степен на сложеност на работите понекогаш се јавува потреба од дополнителен број на работници кои се ангажираат од други одделенија. Главни цели на оваа единица се:

Цел 1: Одржување на доводен цевковод Ф-500 мм од прекидна комора до филтер станицата со следните активности (Таб 1):

| Активност | Цел | Време |
|---|---|---|
| Одржување на разделна комора и регулација на главен вентил | Да се обезбедат потребните количини на вода со потребен  притисок | По потреба |
| Перење на доводен цевовод | Да се избегне влошување на квалитетот на суровата вода при промена на дотокот | Еднаш годишно |

| | | |
|---|---|---|
| Соработка соАД ,,Водостопанство,, | Координираност за успех на секоја преземена активност | Континуирано |

Таб 1

Цел 2: Одржување на дистрибутивна мрежа на регионален водовод, градска мрежа и селски населби.

Треба да се истакне дека во најлоша состојба се селските водоводни мрежи но голем приоритет треба да се даде на мрежата во село Русиново, поради тоа што што мрежата во ова населено место во поголем дел е од азбест тука имаме најголеми загуби на вода. Состојбата на водоводната мрежа е скоро иста во селата Владимирово и Митрашинци, па за тоа се работи на нејзина замена. Активностите кои ги презема оваа одделение во насока на остварување на оваа цел се дадени во Таб 2.

| Активност | Цел | Време |
|---|---|---|
| Поправка на дефекти на главните линии | Намалување на загуби на вода | По потреба |
| Поправка на дефекти на секундарна мрежа (до водомер или до домашен приклучок) | Намалување на загуби на вода | По потреба |
| Замена и одржување на водомери | Точност во мерењето | По направена проверка |
| Замена на застарени азбестно цементни линии со ПВЦ црево | Намалување на загуби, подобар квалитет на вода за пиење | По потреба |
| Изградба на нови водоводни линии | Зголемување на бројот на корисниците | По потреба |
| Откривање на нелегални – диви приклучоци | Намалување на загуби на вода преку зголемување на фактурирана вода | Континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| Перење на резервори и водоводна мрежа | Одржување на потребен квалитет на вода | Еднаш годишно |
| Работа на програмата за загуба на вода | Намалување на трошоците и зголемување на приходите | Континуирано |

Таб 2

Цел 3: Унапредување на работата и зголемување на знаењата

Работната единица дистрибуција на вода, во соработка со другите работни единици во ЈПКР,,Услуга” како и во соработка со општина и со други комунални претпријатија, учествува во нови проекти заради следење на нови технологии во дејноста.

Набавката на делови се врши преку јавни тендери според планот за набавка.

### 5.2.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИЈА

Главна задача на ова одделение е најпрвин да го одржува во исправна состојба главниот колектор до пречистителната станица, потоа колекторите во населените места и на крајот секундарната мрежа до приклучокот на објектите на физичките и правните корисници. Обемот на работа сериозно е зголемен поради зголемувањето на должината на колекторот до ПСОВ. Не е мал и бројот на интервенции и во куќните приклучоци. Ова одделение работи со само еден вработен што е дополнителен проблем за континуирана и квалитетна испорака на услугата кон корисниците. При поголеми зафати како што е изведба на нови канализациони приклучоци, се користат и вработени од други одделенија во претпријатието. Техничката опременост на оваа работна единица значително се подобри со набавка на приклучно возило за чистење на канализационата мрежа.

ИНВЕСТИЦИИ ВО ВОДОСНАБДУВАЊЕ И СОБИРАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ ОТПАДНИ ВОДИ

За обновување и оддржување на водоводната и канализационата мрежа потребни се континуирани инвестиции. Во Таб.3 се дадени предвидените инвестиции за 2025 година, кои се усогласени со програмите на Општина Берово.

Треба да се истакне дека во 2024 година се изврши Техничка ревизија на Системот за собирање и третман на отпадните води. Со таа ревизија беше опфатено целосното работење на ЈПКР ..Услуга,,. Во однос на водоснабдувањето и собирањето на отпадни води препораки од извршената ревизија се дека веднаш треба да се спроведат мерки за намалување на неприходуваната вода. Во врска со оваа препорака, за 2025 година се предвидува набавка на

протокомери и регулатори на притисок на поедини зони на водоснабдување што секако многу ќе придонесе за намалување на губитоците на вода (според предвидувањата до 15%) како и многу поголема контрола на истеците и дивите приклучоци. Протокомерите ќа бидат поставени на излезите на резервоарите на селските населби.

| ред бр. | назив | инвеститор | вредност (ден) |
|---|---|---|---|
| 1 | Реконструкција на краци 3 и 4 с.Владимирово | Општина Берово | 2260952 |
| 2 | Изградба на канализациона мрежа за дел од с.Русиново | Општина Берово | 5801966 |
| 3 | Поставување на регулатори на притисок одредени зони | ЈПКР ,,Услуга,, | 400000 |
| 4 | Набавка на теренско возило | ЈПКР ,,Услуга,, | 1000000 |
| 5 | Набавка на протокомери за излезите на резервоарите во с.Русиново, с.Митрашинци, с.Будинарци, с. Мачево, с. Владимирово. | ЈПКР ,,Услуга,, | 600000 |
| Вкупно | | | 10062918 |

Таб.3Инвестиции во водоснабдувањеи собирање и одведување отпадни води

## 5.3. СЕКТОР ЗА ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ (ПСОВ)

Пречистителната станица за отпадни води во 2025 година ќе ги пречистува урбаните отпадни води од сите населени места кои се поврзани на главниот колектор за отпадни води. Проектираниот капацитет на станицата е 14000 Еквивалент Жители (ЕЖ) а во 2025 година се очекува просечно оптоварување од околу 10000 ЕЖ. Процентот на покриеност на подрачје за пречистување на отпадни води останува 77%. Целта на третманот на отпадната вода ќе биде нејзино пречистување до законски бараното ниво на прочистеност.

Активностите кои ќе се одвиваат во 2025 година ќе бидат во насока на одржување на перформансите на степенот на пречистување што ќе може да се проверува преку споредување на индикаторите кои произлегуваат од истиот. Степенот на пречистување ќе се следи преку лабораториските мерења кои редовно ќе се прават во интерната лабораторија на станицата.

Извршената Техничка ревизија на Системот за собирање и пречистување на отпадни води преку програмата ,,SOPECA,, од ЕУ, покажа дека вработените на ПСОВ во изминатиот период ефикасно ги извршувале зададените задачи и дека ПСОВ Берово работи со висока работна и енергетска ефикасност. Според препораките од Ревизијата во 2025 година е потребно да се зголеми буџетот за одржување на опремата која е во употреба веќе 14 години со што би се извршила замена на дотраени делови на опремата. Според изнесеното поставени се и активностите кои ќа се извршат во текот на 2025 година.

1.*Пречистување на 1200000 м³ отпадна вода за што ќе се потрошат околу 280000 kWh електрична енергија. Количината на пречистена отпадна вода во многу ќе зависи од временските услови во смисла на количина на врнежи во текот на годината.*

2. С*ервисирање на опремата*

*3. Набавка на потрошен материјал услуги за одржување на SCADA системот*

*4. Набавка на нова опрема и замена на дотраени делови од постоечката*

*5. Активности во врска со заштеда на електрична енергија*

*6. Празнење на едно поле со трска каде се складира вишокот на мил*

Во однос на навременото *сервисирање на опремата* ќе се вршат редовни замени на масло и маст за подмачкување и тоа во редовните термини според протокол за одржување на опремата. Исто така ќе бидат набавени и заменети поедини дотраени делови од опремата кои се сметаат за потрошен материјал како: преносни ремени за дувалки, преносен ремен за цедалка и филтри за воздух за дувалки и влезен воздух и др.

Во однос на *Набавка на нова опрема и замена на дотраени делови од постоечката*во 2025 година ќе се изврши следното:

| Ред.бр. | Назив | Потреба | Проценета вредност |
|---|---|---|---|
| 1 | Набавка на подлога за сепаратор за песок (набавката се пренесува од 2024 во 2025 година) | Подлогата е дотраена | 120000 ден |
| 2 | Набавка на процесна редокс-електрода(набавката се пренесува од 2024 во 2025 година) | Електродата е во дефект | 30000 ден |
| 3 | Набавка на кабел за pH процесна електрода(набавката се пренесува од 2024 во 2025 година) | Кабелот е во дефект | 30000 ден |
| 6. | Набавка на хомогенизер за лабораторија (набавката се пренесува од 2024 во 2025 година) | Хомогенизерот е дотраен | 75000 ден |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | Набавка на вакуум пумпа за лабораторија (набавката се пренесува од 2024 во 2025 година) | Пумпата е дотраена | 90000 ден |
| 8 | Набавка на потопна пумпа за влезна пумпна станица | Пумата е дотраена и сервисирањето е неисплатливо | 420000 |
| 9 | Набавка на ферекфентен регулатор за дувалка од 30kW | Фрекфентниот регулатор е во дефект | 185000 |
| | **ВКУПНО** | | **950000 ден** |

Горе наведената опрема е или делумно дотраена или во дефект и не е можна нејзина поправка и поради тоа ќе мора да се изврши нејзина набавка во 2025 година. Оваа опрема е битна за да може процесот на пречистување и негова контрола да се одвива без проблеми.

Самите активности во смисла на редовно одржување и замена на дотраена опрема како и набавка на нова опрема ќе доведат до подобрување на перформансите на опремата и зголемување на нивниот век на траење но и подобрување на вкупната енергетска ефикасност на ПСОВ со што ќе се обезбеди исполнување на едно од барањата на бизнис планот а тоа е подобрување на енергетската ефикасност која за 2025 година ќе изнесува под 0.3KWh/m³ (индикатор на успешност 2.1.4).

Заради големата енергетска криза која се случува на глобално ниво во 2025 година ќе се продолжи со спроведување на мерките на заштеда на електрична енергија но нема да се дозволи заштедите да доведат до нарушување на процесот на пречистување.

Заради усовршување во областа на пречистување на отпадните води во текот на 2025 година персоналот на ПСОВ ќе учествува на работилници и конференции организирани од АДКОМ и други организации и здруженија.

Во следната година година планирано е празнење на вишокот на активна мил од едно поле засадено со трска и негово повторно засадување.

## 6. СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА И МЕХАНИЗАЦИЈА

### 6.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

Услугите што ги врши одделението се: собирање и транспортирање на комунални неопасен отпад од индивидуалните корисници и правнителица, негово депонирање на градската депонија и одржување на градската депонија согласно стандардите за зачувување на животната средина.

Динамиката на собирањето на отпадот е еднаш во неделата за индивидуалните и правните корисници во градот Берово и селата Владимирово, Русиново, Ратево, Смојмирово, Будинарци, Мачево, Двориште и туристичката населба Абланица, Суви Лаки, Браната, додека од улиците во централното градско подрачје отпадот се изнесува 6 пати неделно.

Со оваа Програма дефиниран е и ангажманот на ЈКПР Услуга за зимско чистење на улиците во Општината.

Одделението за собирање и депонирање на комунален отпад ќе постапува по решенија од Комуналниот инспектор за чистење на мини-депонии и друго, а ќе се врши вонредно чистење и празнење на контејнерите и садовите за отпадни за градот и селските населби при одржување на разни културни и спортски манифестации кои ги организира Општина Берово.

За успешно и звршување на својата дејност која пак зависи од техичката исправност на Возилата и од мотивираноста и ангажираноста на работниците предвидени се следниве активности за наредната 2025 година:

| Активност | Цел | Време | Инвеститор |
|---|---|---|---|
| Собирање и транспорт на комуналниот отпад од градот Берово и селските населби Владимирово, Русиново,Ратево,Смојмирово, Мачево ,Будинарци, Мирташинци, Двориште и туристичките населби Браната,Суви Лаки и Абланица | Задржување на досегашниот континуитет | Преку целата година | ЈПКР,,Услуга,,-Берово |
| Одржување на исправноста на возилата за собирање и транспорт на комунален отпад | Навремено и непрекинато извршување на дејноста | Преку целата година | ЈПКР,,Услуга,,-Берово |
| Одржување и замена на дотрајаните садови-контејнери за собирање на комунален отпад | Ефикасност при работа со истите и подобрување на амбиентот во средината каде се наоѓаат | Преку целата година | Општина Берово (Источно плански регион) |
| Одржување на градската депонија | Рационално искористување на капацитетот на истата и заштитување на животната средина | Преку целата година | ЈПКР,,Услуга,,-Берово |

Согласно програмата на Источно Планскиот Регион за затварање на депонијата во 2025 година, Општина Берово се предвидува да транспортот на сметот и складирањето на отпадот се врши на депонијата во Општина Пехчево за кое ќе се плаќа по утврдена тарифа.

## 6.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МЕХАНИЗАЦИЈА И ВОЗИЛА

Работните активности кои ги извршува Одделението за механизација се со стојатво извршување на работатни задачи кои произлегуваат од соработката со другите работни единици кои се во склоп на ЈПКР Услуга Берово, одржување на гратската депонија и зимско одржување на улици и патишта во општина Берово.

Во истата работна единица се вработени тројца работника од кои еден автоелектричар а останатите двајца се возачи на градежни машини.

Возниот парк е со голема старосна граница поради што честопати се јавуваат дефекти на возилата, за чие отстранување е потребно време и поголем труд од страна на работниците.

За успешно справување со проблемите и континуирано дејствување на работната единица за наредната 2025 година се предвидени следниве активности:

| Активност | Цел | Време | Инвеститор |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одржување на исправноста на возилата од возниот парк | Техничка исправност на возилата | Преку целата година | ЈПКР,,Услуга,,-Берово |
| Одржување на улиците и патиштата во градот Берово и селските населби во Општината од врнежи на снег во зимски услови | проодни улици и патиш од врнежите од снег | Ноември-Април | ЈПКР,,Услуга,,-Берово |
| Соработка со другите работни единици преку работно ангажирање на возилата од возниот парк | Учество во извршување на работните задачи и на останатите работни единици | Преку целата година | ЈПКР,,Услуга,,-Берово |
| Изработка на регистар на замена на дотрајаните делови за сите возила од возниот парк | Целосен увид и преглед на променетите делови на возилата | Преку целата година | ЈПКР,,Услуга,,-Берово |

## 7. СЕКТОР ЈАВНА ЧИСТОТА,ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО И ГРАДСКИ ГРОБИШТА

### 7.1. ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

Во Одделот  Паркови и зеленило работат **8 работници** кои имаат за задача и работна обврска навремено одржување и уредување  на  централното градско подрачје и сите залени површини на територијата на општина Берово .

Зеленилото во градот според својата намена е поделено на три дела и тоа:

1. **Паркови во градот**
2. **Зеленило покрај улиците и канали**
3. **Парцели за садење на цвеќе**

Во парковски површини спаѓаат следните површини:

- Парк пред Општинско Собрание ..................................................870м²
- Парк кај Градски стадион ........................................................7 820м²
- Парк кај стара гимназија ..........................................................8 000м²
- Парк на кеј на младина станбен објект ...................................4 200м²
- Американски парк ....................................................................11.500м²
- Парк кај ПИОМ ...........................................................................2 850м²
- Парк наспроти сточен пазар станбени блокови ...................... 4 450м²
- Парк позади Автобуска станица станбен објект ............... ..........200м²
- Парк кај Детска градинка ............................................................100м²

- Парк на ул ,, 11 Октомври,, ..........................................................100м²
- Парк кај основен суд ......................................................................200м²
- Зеленило на плоштад ,, Димитар Беровски,, ..............................200 м²
- Мал парк кај Мустаќинци ...............................................................30м²
- Мал парк кај Градски Музеј ...........................................................20м²

**Вкупно: 30 270м²**

Во други зелени површини покрај улиците се:

- Ул ,, Маршал Тито ,, од Алкалоид до излезот на градот ................2500м²
- Ул ,, Моша Пијаде,, ...........................................................................2500м²
- Ул,, Партизанска,, ..............................................................................1030м²
- Ул,, Ѓорѓи Димитров,, ........................................................................540м²
- Ул,, Дамјан груев,, ............................................................................1 500м²
- Ул ,, Неретва,, ...................................................................................2 200м²
- Ул ,,Малешка,, ....................................................................................230м²
- Кеј на р. Брегалница од двете страни ............................................1600м²
- Ул ,,Задарска,, ......................................................................................300м²
- УЛ ,,Димитар Влахов,, .......................................................................650 м²
- Ул ,, Крушевска Република,, .............................................................600м²
- Ул ,, Ѓуро Ѓаковоќ,, ..........................................................................1 200м²
- Ул ,, Велко Влаховиќ,, ......................................................................2 500м²
- Ул ,, Борис Кидрич,, .........................................................................1 500м²
- Ул ,, 11 октомври,, ...........................................................................1 200м²
- Ул,, Туристичка,, ..................................................................................200 м²
- Ул ,, Страшо Пинџур,, ....................................................................... 300м²
- Канал на ул ,,23 Август,, ....................................................................500м²
- Канал каде Градски гробишта ...........................................................750м²

**Вкупно: 21 800 м²**

Парцели кои се предвидуваат за засадување цвеќиња се:

- Плоштад Димитар Беровски.............................................................200м²
- Парцели во Американски парк .....................................................1 000м²
- Парцели кај градски стадион .......................................................1 000м²
- Парцели во парк кај Основен суд .................................................. 100м²
- Жардињери на кеј на р. Брегалница ..................................................50м²
- Мала парцела на раскрсника кај Берово ..........................................10м²
- Парцела на кружен тек на влез во Берово ......................................50м²

**Вкупно: 2410 м²**

За квалитетно и успешно работење на одделот Паркови и зеленило во претпријатието во оваа година се предвидува да се инсталира водоводна мрежа со комплет приклучоци и местење на прскалки со што ќе се заштеди вода за пиење а истото не беше реализирано во претходната година. Со тоа се овозможува редовно одржување на парковите за оваа година.

Во паркот на Градски Стадион е планирано поставување на нови клупи за седење и канти за отпадоци и канделабри за осветлување околу патеките за поголема посетеност и рекреација на граганите во Општина Берово.

Претходата година се подигна нова парковска површина кај сточниот пазар која е порамнета и засеана со трева. Наредната 2025 година е предвидено нејзино уредување со изградба на патеки ,летниковец , поставување на канти за отпадици , клупи и канделабри за осветлување и засадување на разни видови дрвца и парцели за цвеќе.

Работниците од овој оддел ги работат работни операции во зависност од временскиот период во кој се изведуваат на сите зададени зелени површини.

Работни операции кои ги изведуваат се:

- Машинско косење на трева
- Рачно косење на трева
- Собирење на искосената трева
- Припрема на цветни површини
- Садење на сезонско цвеќе
- Прскање со инсектицид и фунгицид на сезонско цвеќе
- Сеење на расад и негово одржување
- Окопување на цвеќиња
- Окопување на грмушки
- Кроење на ружи
- Кроење на дрвореди, оформување на крошни
- Оформување на декоративни дрвца
- Чистење на листови од зелени површини
- Полевање на зелени површини
- Полевање на цветни парцели
- Чистење на стази од трева
- Прскање со тотален хербицид по стази
- Отстранување и сечење на дотраени стебла
- Собирање на паднати листови
- Поправка и фарбање на парковски клупи и канти за отпадоци
- Поставување на нови клупи и канти за отпадоци по парковите
- Уредување на нови парцели за паркови
- Уредување на дотраени и правење на нови парцели за цвеќе во парковите

**Трошоци за одржување на паркови и зеленило во градот**

| активност | цел | време | Проценета вредност |
|---|---|---|---|
| Плати за вработени | | Преку целата година | 3 700 000 ден |
| Набавка на косачки и нивни делови ( глави, конци и др.) | Одржување на јавни зелени површини | Во 2025 год. | Сопствени средства<br>600 000 ден |
| Трошоци за гориво за косачки | Навремено одржување на зелените површини | Во 2025 год. | Сопствени средства<br>600 000 ден |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Набавка на семенски материјал и одржување на цвеќе | Уредување на цветни парцели | Во 2025 год. | Сопствени средства<br>100 000 ден |
| Постадување на клупи и канти во парк на Стадион | Уредување на зелени површина | Во 2025 год. | Сопствени средства<br>100 000 ден |
| Уредување на парк кај сточен пазар | Уредување на парковска површина | Во 2025 год. | Сопствени средства<br>120 000 |
| Поставување на сиостем за наводнување во парковите | Уредување на парковски површини | Во 2025 год. | Сопствени средства<br>180 000 |

**Вкупно трошоци: 5 400 000 денари**

## 7.2.ЈАВНА ЧИСТОТА

Во Одделот Јавна чистота вработени се **7 работници.** Во градот е предвидено редовно и навремено чистење и одржување на чистотата во централното градско подрачје и по периферните улици во градот. Освен во градот чистење на јавни површини се изведува и во околните селски населби: с. Русиново, с. Ратево, с. Будинарци, с. Смојмирово,и с. Владимирово.

Во центалното градско подрачје има поставено редовни одржувачи на градската чистота кои порано започнуваат со работа и активно е завршена работата во текот на денот. За преостанатите улици се ангажирани работници кои ги метат улиците од песок , отпадоци и листови и сето тоа се утоварува на трактор и се носи на депонија.

Одржувањето се изведува по една динамика која е предвидена во програмата за работа за престојната 2025 година од Општина Берово и договор склучен помеѓу ЈПКР Услуга - Берово и Општина Берово.

Улиците и тротоарите се чистат во зависност од потребите и се поделени во 4 категории:

- **Улици кои се метат секој ден**
- **Улици кои се метат секој работен ден**
- **Улици кои се метата еднаш неделно**

- **Улици кои се метата еднаш месечно**

1.**Улици кои се метат секој ден во месецот**

-Ул.„Маршал Тито“ од Полиција – ул.„Илинденска“ и од ул.„Цветан Димов“ –

Комунално 3800 м$^2$

-Плоштад со паркинг 6700 м$^2$

- Ул.″23$^{ти}$ Август“ од ул.„Маршал тито“ – ул„Моша Пијаде 320 м$^2$

- Ул.„Цветан Димов“ 200 м$^2$

**Вкупно: 11 020 м$^2$**

2. **Улици кои се метат секој работен ден во месецот**

- Ул.″23$^{ти}$ Август“ 2000.м$^2$

- Ул.„Мирче Ацев“ 610 м$^2$

- Ул.„Моша Пијаде“ од стопански влез на осмолетка до

ул.„ 23$^{ти}$ Август“ 1480 м$^2$

- Ул.„Димитар Влахов“од собрание до ул.„ 23$^{ти}$ Август“ 715 м$^2$

**Вкупно: 4805 м$^2$**

3.**Улици кои се метат еднаш неделно**

-Ул.„Страшо Пинџур“ од ул.„Илинденска“ до Ловен дом 1920 м$^2$ .

- Ул.„Илинденска“ од ул.„Страшо Пинџур“ до ул.„М . Тито,, 350 м$^2$ .

-Ул.„Партизанска“ од ул. .„Даме Груев,, до ул,, Борис Кидрич,, 5100 м$^2$ .

-Ул.„Задарска“ 3200 м$^2$ .

-Ул.„Борис Кидрич“ од ул.„ 23$^{ти}$ Август“ до канал 320 м$^2$ .

- Ул ,, М. Тито,, Од Полициска станица до раскрсница Алкалоид 3000 м$^2$

**Вкупно: 13,890** м$^2$

4.**Улици кои се метат еднаш месечно**

-Ул.„Маршал Тито“ од влез на Берово – раскрсница Алкалоид 400 м$^2$ .

Ул.„Моша Пијаде“ од ул.„ 23$^{ти}$ Август“ до Манастир и од ул.„Партизанска до стопански влез на осмолетка 4600 м$^2$

-Ул.„Борис Кидрич“ од раскрсница владимерски пат до канал 4500 м$^2$

- Кеј нов 7300м$^2$

- Плоштад во  с. Владимирово 1769 $м^2$
- Плоштад во  с. Русиново 2662 $м^2$
- Плоштад  вос. Ратево 1894 $м^2$
- Плоштад во  с. Смојмирово 791 $м^2$
- Плоштад во  с. Будинарци 1740 $м^2$ .

**Вкупно: 25,656 м**

**Вкупно површини за чистење за цел месец 55371 м²**

**Трошоци за одржување на јавна чистота  во градот**

| активност | цел | време | Проценета вредност |
|---|---|---|---|
| Плати за вработени | | Во 2025 год | 3 400 000ден |
| Набавка на метли и алати за работа | Редовно одржување на јавна чистота во градот | Во 2025 год | 300 000 ден |
| Трошоци за гориво и делови за трактори за работа | Редовно одржување на јавна чистота во градот | Во 2025 год | 600 000 ден |
| Трошоци за собирање на градинарски и градежен  отпод | Редовно одржување на јавна чистота во градот | Во пролет, лето  и есен | 100 000 ден |
| Одржување на машина за зимско одржување на тротоари | Редовно одржување на јавни површини | Во 2025 | 200 000 ден |

**Вкупно:  4 600 000  денари**

### 7.3. ГРАДСКИ ГРОБИШТА

Реализација на програмата во Општина Берово, а во врска со одржувањето и уредувањето на градските гробишта ја врши ЈПКР Услуга – Берово која исто така е задолжена за извршување на градежните работи за обработка и уредување на јавни површини и дел од инфраструктурата.

Во одделението за управување и одржување на градски гробишта вработени се 3 (тројца) работници со кои во наредната 2025 година треба да се врши комплетно извршување на програмата со која е задолжена ЈПКР Услуга - Берово од страна на Општина Берово. За таа цел во наредната работна 2025 год., ЈПКР Услуга Берово во планирањето на активностите ќе се задржи на следните програмски задачи:

- Управување и одржување со постојните градски гробишта,

- Одржување и стопанисување со градска капела,
- Управување со договорените даватели на погребални услуги согласно законските обврски (Оператори) и
- Управување со договорените каменорезци (споменичари) согласно законските прописи за уредување на гробните места

Оградата која беше планирана за 2024 година поради лошата финансиска состојба не беше изработена и истата останува за следната 2025 година и тоа со должина од 91 м² за стариот дел на гробиштата и за новиот дел со должина од 83,4 м², нивни влезови, дооформување на стази и патеки за комуникација со уредување. Тековно како и досега ќе се изработуваат АБ цоклите и ќе се уредуваат површините околу гробните места. Со преотстапување на градската капела на ЈПКР Услуга - Берово од страна на Општината на користење и донесените одлуки за ставање во функција истата се става на располагање на граѓаните на Општина Берово и населените места, а истата се користи и за починати лица од Општина Пехчево.

ЈПКР Услуга - Берово и во 2025 година ќе врши стопанисување со истата, а преку операторите и определените надоместоци за нејзиното користење како и надоместоците од операторите и каменоресците ќе се покриваат трошоците на одржување.

Покрај основната дејност за одржување на градските гробишта вработените ќе работат и како градежна работна група за потребите на другите сектори и тоа:
- Изработка инфраструктурни објекти, водоводи и канализација во Општината
- Уредување тротоари, стази, патеки на јавни површини и урбани површини
- Уредување прекопи на улици во Општината
- Изработка на шахти и нивна поправка и реконструкција
- Изработка и поставување на сообраќајна сигнализација на улици
- Зимско одржување
- Чистење на јавни површини околу градски гробишта и сл.

## 7.4. ГРАДСКИ ПАЗАР

Согласно законот за јавни претпријатија, локалната самоуправа и статутот на ЈПКР Услуга Берово истата е задолжена да стопанисува со градскиот пазар.
Според задолжението од локалната самоуправа за одржување и уредување како и за наплата на пазаришната такса и склучување на годишни договори се грижат 3 работници од јавна чистота како и двајца инкасатори за наплата и еден раководител кој исто така е од одделот за јавна чистота и паркови и зеленило.

Во планирањето за 2025 година покрај редовните активности има и некои недостатоци кои треба да се поправат а тоа се:
- Решавање на проблемот на водата која навлегува во пазарот
- Изработка на нови решетки внатре во пазарот поради недобра нивелација
- Уредување со нов асфалт на отворениот пазар
- Поправка на олуците на градскиот пазар

Согласно финансиските показатели од претходните години градскиот пазар се уште е во рентабилна состојба и работи без загуба.

ЈПКР „Услуга“ Берово
Директор
Илија Рунтевски
________________________________